

## Прв Форум за квалитет на УКИМ – Со квалитет до извонредност

Платформа за дијалог, размена на добри практики и унапредување на квалитетот во високото образование

# УКИМ СОЗДАВА ИДНИНА: со квалитет до извонредност

# КАКО ГО МЕНУВАМЕ УКИМ?

***Почитувани,***



Водејќи се од стратешките определби за унапредување на квалитетот во високото образование, а притоа следејќи ги потребите на современото општество, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје речиси две години интензивно работи на воспоставување рамка за обезбедување квалитет, усогласена со националните стандарди и стандардите на Европското здружение за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA).

Поаѓајќи од максимата дека квалитетот не е обврска на поединецот, туку заедничка одговорност на сите нас, оваа двегодишна активна работа резултираше со значајни достигнувања: формирање Центар и Совет за квалитет на Универзитетот, совети за квалитет во рамки на единиците, усвојување на Стратегијата за обезбедување квалитет, воведување годишни акциски планови за секоја единица, како и реализација на повеќе од 35 обуки за академскиот кадар на УКИМ.

Посебно внимание посветивме на родовата еднаквост, одржливиот развој преку зелени практики и дигитализацијата на процесите – области во кои УКИМ оствари значителен напредок. Во соработка со студентите и бизнис-заедницата, Универзитетот воведе SMART-индикатори за мерење на квалитетот и за прв пат спроведе централизирана 360° анкета која ги опфати сите чинители во образовниот процес.

Како најстар, најголем и водечки универзитет во нашата држава, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со децении е носител на промените, двигател на иновациите и столб на развојот на македонската економија и култура.

Приспособувајќи се на предизвиците што ги носи дигиталното општество, овој процес му овозможува на УКИМ навремено да ги препознае своите предности и слабости, и да ги спроведе неопходните реформи – сè во интерес на студентите, наставниот кадар и општеството во целина. На страниците што следуваат, преку текст, бројки и фотографии, ќе прикажеме како заеднички го градиме и го унапредуваме квалитетот на УКИМ. Ќе ги истакнеме добрите практики на единиците, на кои сме особено горди, ќе ги споделиме искуствата од соработката со деловната заедница, како и визијата и идните чекори во развојот на високото образование.

Како ректорка и професорка на Универзитетот, ја изразувам мојата цврста поддршка и лична посветеност на процесот на трансформација и континуирано унапредување на системот за обезбедување квалитет.

***Учиме со страст, создаваме со квалитет!***

**Проф. д-р Биљана Ангелова,**
**ректорка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**



# МЕРЛИВИ РЕЗУЛТАТИ ПРЕКУ МАЛИ ЧЕКОРИ

Водени од премисата дека квалитетното високо образование е основниот предуслов за демократско општество, успешна економија и развиена држава, УКИМ во март 2024 година разви нов концепт за обезбедување на квалитет.

Покрај стандардите на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) и националните стандарди, како нови елементи беа вклучени нови тела (Центар за квалитет и совети за квалитет на ниво на УКИМ), нова алатка – подготовка на годишен акциски план со задолжително известување, како и централизирана анкета (360 степени) со сите чинители во процесот. Новата алатка – годишен акциски план, им овозможи на единиците задолжително да ги планираат своите активности во однос на унапредувањето на квалитетот, да ги приспособат на специфичните потреби, но и да ги артикулираат во конкретни индикатори согласно со стандардите на ENQA. Покрај наставниците, во новиот систем се вклучени и студентите и деловната заедница, а тој започна да се применува од учебната 2024/2025 година.





# НОВА СТРАНИЦА НА КВАЛИТЕТОТ

Прв и неопходен чекор во развојот на системот за обезбедување квалитет на Универзитетот беше создавањето на правната рамка. Во пролетта 2024 година беа донесени Правилник за обезбедување квалитет и ново Упатство за самоевалуација. Имајќи го предвид долгорочниот и стратешки интерес за унапредување на квалитетот на Универзитетот, беше усвоена и посебна Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2028), со специфични мерки, индикатори и целни вредности. Стратегијата е посветена на остварување на следниве цели:

- ✓ воспоставување, развој и ефикасно функционирање на системот за квалитет;
- ✓ унапредување на човечките ресурси за квалитет на Универзитетот;
- ✓ промоција на соработка и иновации за квалитет;
- ✓ зајакнување на општествената посветеност, достапност и видливост на квалитетот на Универзитетот.

Беше подготвен и Водич за обезбедување на квалитет (71 стр.), во кој се опфатени сите предвидени процедури, индикатори, обрасци, како и најдобри примери за внатрешна и надворешна евалуација. Водичот е достапен во печатена и во електронска форма.

СКЕНИРАЈ МЕ



## ГРАДИМЕ КАПАЦИТЕТИ ЗАЕДНО!

Неминовен дел во создавањето на систем за квалитет е градењето капацитети. УКИМ спроведе серија на обуки за продеканите за настава, членовите на комисиите за самоевалуација, како и за советите за квалитет на единиците. Посебно внимание беше посветено на подготовката на извештаите за самоевалуација и годишните акциски планови, за кои беше обезбедена и менторска поддршка. Во периодот од 2024 до 2025 година, вкупно беа реализирани 38 обуки и сесии за менторска поддршка.

***38 обуки и сесии за менторска поддршка беа реализирани во периодот 2024 – 2025 година.***



# СИНЕРГИЈА И СОРАБОТКА

Не заборавајте, системот за обезбедување квалитет на УКИМ опфаќа 355 наставници! Затоа, УКИМ посветува посебно внимание процесот за обезбедување на квалитетот да се одвива во позитивна атмосфера. Тоа подразбира редовна комуникација на Центарот за квалитет со сите единици, обезбедување на поддршка во форма на совети, консултации и менторска поддршка, како и редовни посети на единиците. Во периодот 2024 – 2025 година, Центарот за квалитет, заедно со своите тела, реализираше 56 посети на единиците во рамките на Универзитетот. Во рамките на процесот се воспоставија соработки помеѓу самите единици, во насока на споделување на најдобрите практики и научените лекции.

***355 наставници на УКИМ се вклучени во системот за обезбедување квалитет.***



# S M A R

**Specific** | **Measurable** | **Achievable** | **Relevant**

**СМАРТ ГАП**

# T

## Time-bound

Клучна алатка за обезбедување на квалитетот на УКИМ претставува годишниот акциски план (ГАП). Овој план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста го подготвува секоја единица на УКИМ пред почетокот на учебната година.

Годишниот акциски план содржи SWOT-анализа (SWOT – strengths, weaknesses, opportunities, threats), преглед на националните и европските стандарди и индикатори кои се исполнети, делумно исполнети и кои не се исполнети, предлог-мерки за надминување на слабостите со соодветни индикатори итн.

Предложените мерки се SMART (specific, measurable, achievable, relevant, and time-bound), односно специфични, мерливи, достижни, реални и временски одредени. Единиците доставуваат годишен извештај за реализација на ГАП.

ГАП претставува автентична алатка за обезбедување на квалитет, развиена на УКИМ.

***56 индикатори за квалитет следи УКИМ секоја учебна година.***

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

ЗЕЛЕНИ ТЕХНОЛОГИИ

ОБУКИ

WEB OF SIENCE

ВЕШТИНИ

SCOPUS

**НОВИ ИНДИКАТОРИ**

# УКИМ

УКИМ е свесен за трендовите во високото образование, особено во контекст на меѓународните рангирања на универзитетите. Како најстар и најдобар македонски универзитет, отсекогаш сме сакале директно да се справиме со предизвиците и да покажеме дека можеме повеќе. Од тие причини, од учебната 2025/2026 година воведуваме задолжителни индикатори за квалитет, поддржани со формула и целни вредности, кои ги земаат предвид големината, искуството и актуелните трендови на единиците. Новите индикатори вклучуваат:

- Број на студенти кои реализираат практична настава

- Број на објавени трудови во списанија индексирани во Web of Science и Scopus

- Број на организирани обуки за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, како и за развој на нивните педагошки и технички вештини (вклучувајќи вештачка интелигенција, зелени технологии или вештини, одржливост итн.)

- Број на тековни меѓународни проекти

- Учество на наставниот кадар на меѓународни конференции/мобилност во странство.




# АНКЕТА 360 СТЕПЕНИ




Како дел од новиот систем за квалитет, УКИМ востанови нов централизиран и дигитален систем за анкетирање. Покрај анкетирањето на студентите за секој предмет на студиите, се спроведува и анкета со нив за општите услови за студирање. Во учебната 2024/2025 година, на УКИМ за првпат се спроведе и анкета на наставниот и стручно-административниот кадар. Сите анкети се спроведуваат преку наменски софтвер, развиен од УКИМ, а резултатите се користат за подобрување на квалитетот на наставата и развој на идните развојни политики. Анкетите се задолжителни за сите чинители во системот и се спроведуваат на крајот на семестарот и учебната година.



## ЗЕЛЕН ПРОЦЕС

Имајќи ја предвид посветеноста на УКИМ на зелените политики, одржливиот развој и намалувањето на јаглеродниот отпечаток, од учебната 2024/2025 година, процесот на обезбедување квалитет се спроведува целосно во дигитална форма. Сите извештаи, планови, одлуки и придружна документација се доставуваат исклучиво во електронска форма, без користење хартија. На тој начин, во учебната 2024/2025 година беа заштедени 56 топови хартија.



# РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПОЛОВИТЕ

Почитувањето на родовата еднаквост и правична застапеност на половите е еден од главните принципи во работењето на Универзитетот. Од тие причини, при конституирањето на телата за обезбедување квалитет се водеше посебна сметка за родовата еднаквост во нивниот состав. Во таа насока, дури 65 % од членовите на советите за квалитет и комисиите за самоевалуација се од женски пол.

***65 % од членовите на советите за квалитет и комисиите за самоевалуација се жени.***






# НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

**Студентите од нашиот универзитет на практична настава во реалниот сектор!**

Во согласност со стратегиската определба на Универзитетот за вмрежување и продлабочување на соработката со стопанството, како и обезбедување на практична настава во реалниот сектор, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, швајцарскиот проект „Образование за вработување“ и швајцарската Програма за зголемување на пазарната вработливост (IME). Со овој меморандум, партнерите ја формализираа заедничката заложба за подобрување на практичната настава за студентите преку интеграција на реални работни искуства во високото образование и вклучување на приватниот сектор во креирање на студиските програми, согласно со реалните потреби од знаења, вештини и компетенции на пазарот на трудот.

Оваа академска година, **137 студенти** од Технолошко-металуршкиот факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна и Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ успешно спроведоа **практична настава под менторство на експерти од академската заедница и соработници од компаниите**. Со оваа иницијатива, Универзитетот вложува во развој на висококвалификувани кадри со јасно профилирани вештини и компетенции, подготвени за предизвиците на современиот пазар на трудот.






**Создаваме подобри услови за нашите студенти во соработка со стопанството!**

Повеќе можности за практична настава за студентите на Машинскиот факултет: **Лабораторијата за производно инженерство** е збогатена со нова современа индустриска опрема, донирана од компанијата **ЛТХ Леарница – Охрид,** со што се отвораат услови за унапредување на практичната настава, развој на инженерски компетенции и подобра подготовка на студентите за современите индустриски предизвици.

На **Економскиот факултет** се отвори новата современа и креативна лабораторија **ProLab,** реализирана со инвестиција од **ПроКредит банка,** која ќе овозможи подобри услови за учење, тимска работа и развој на практични вештини кај студентите, како и развивање и реализирање на сопствени идеи во конкретни проекти.

**На** Градежниот факултет, со донација од Титан Цементарница Усје, во Лабораторијата за бетон и конструкции се создадоа нови можности – испитување на емисијата на $CO_2$ **при производството на бетон**. **Ова значајно придонесува за унапредување на практичната настава за студентите**, **како и за истражувачката работа на магистрандите и докторандите**. Дополнително, со поддршка од Јавното претпријатие за државни патишта, набавен е ултразвучен инструмент за неразорно испитување на квалитетот на вградениот бетон, што значително ја зголемува лабораториската опременост и можностите за примена на современи техники во наставата и истражувањата.

**Стоматолошкиот факултет,** преку **партнерства со Црвениот крст, Сојузот на здруженијата на пензионери и Општината Сопиште,** овозможи практичната


















настава на студентите по **дентална медицина да се реализира на реални пациенти**. Ова придонесува за подобрување на квалитетот на едукацијата, стекнување реално работно искуство и унапредување на практичните компетенции на студентите, како и за зајакнување на социјалната одговорност на Факултетот.

## Нашите лаборатории, наставни програми и предавачи создаваат услови за врвно образование и инспиративна практика!

На УКИМ се одржа **RoboMac 2025** – водечки студентски натпревар во роботика, автоматика, електроника и вештачка интелигенција во Македонија. На ФЕИТ, над 60 студенти од Македонија и регионот, распределени во пет натпреварувачки дисциплини, развиваа роботски системи што препознаваат визуелни и звучни команди, дизајнираа интелигентни агенти за динамични сценарија, комбинираа машински вид со роботика за автоматизирано сортирање и се натпреваруваа во програмирање на автономни тркачки возила. Дополнително, студентите имаа можност и да слушнат предавања од врвни експерти. RoboMac е пример за тоа како нашите лаборатории, програми и предавачи создаваат средина за врвно образование, инспиративна практика и поврзување на академијата со индустријата.

## Организирани обуки за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава

Во рамки на професионалниот развој на наставниот кадар и унапредување на квалитетот на наставата,

на УКИМ беше организирана обука: **Beyond the Lecture: Practical Approaches to Student-Centered Teaching.** Пред академската заедница, проф. д-р Флорентина Халими од Gulf University for Science and Technology (Кувајт) сподели искуства и добри практики од светски универзитети, презентирајќи три современи методи на настава кои го ставаат студентот во центарот на учењето: Active Learning, Flipped Classroom и Research-Based Teaching. Обуката е важен чекор кон развој на наставен кадар кој ги применува иновативните методи за активно вклучување на студентите и развој на нивните критички и истражувачки вештини.

Со цел поттикнување на професионалниот развој, педагошките и техничките вештини на наставниот кадар, во 2025 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна беше спроведена обука на тема: **Стратегии и техники на поучување.** Обуката ја реализираше Филозофскиот факултет. Исто така, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство направи обука за наставниот кадар и студентите на тема**: Од податоци до знаење: вештачка интелигенција (ВИ) во образованието и науката**, со цел запознавање со начините на кои алатките базирани на вештачката интелигенција го збогатуваат и го поддржуваат процесот на учење и истражување без да се компромитира академскиот интегритет и етичките принципи.













## Апликацијата Noticing – иновација во образованието

На 25 февруари 2025 година, во Ректоратот на УКИМ, пред академската заедница беше презентирана апликацијата **Noticing**, добитник на престижната награда **ELTons** на Британскиот совет за иновативна употреба на вештачка интелигенција во образованието. **Noticing** ги поддржува рефлексијата, планирањето и истражувањето кај наставниците преку симулација на разговор со ментор, без да нуди готови решенија. Апликацијата се користи веќе втора академска година при **подготовка на идни наставници на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и за профилирање училишни ментори**.

## Донесен формулар за Life-long learning програмите

На работилница со наставниот кадар беше презентиран новиот унифициран формулар за Life-long learning програмите, изготвен од Комисијата за настава. Формуларот ги стандардизира постојните и овозможува креирање нови програми, во согласност со законската регулатива, со јасна структура, времетраење, заеднички елементи и типови на сертификати за учесниците.

Ова е значаен чекор кон поголема достапност и квалитет на доживотното учење на Универзитетот.

## Интернационализација и поддршка за странски студенти

Во насока на јакнење на интернационализацијата, на УКИМ се реализираа значајни активности за привлекување странски студенти. Основана е **Канцеларија за странски студенти**, која посветено ги информираше и ги

поддржуваше заинтересираните кандидати. Оваа академска година, УКИМ доби апликации од **400 студенти странски државјани**, што е за **200 повеќе од претходната година**, и е јасен показател за растечката привлечност на Универзитетот на меѓународно ниво.

### Работилница за заеднички студиски програми на УКИМ

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се одржа работилница посветена на развојот на заеднички студиски програми **(joint/double degree**), како стратешки елемент на интернационализацијата на Универзитетот. Беа разгледани предностите и значењето на заедничките програми за зголемување на академската мобилност, видливоста и соработката со меѓународни партнери. Споделени беа **успешни практики од ФЕИТ и ИСППИ**, кои веќе реализираат заеднички програми со универзитети од Европа и од регионот. Се дискутираа и предизвиците при акредитацијата, со цел формулирање препораки за поефикасно воведување и спроведување на овие програми во иднина.

Настанот претставува важен чекор кон унапредување на академската соработка на УКИМ со европскиот и регионалниот образовен простор.




Во рамки на меѓународната академска соработка, на **ФИНКИ** е воведена магистерската студиска програма за **двојна диплома – Безбедност, криптографија и кодирање,** како дел од **европската иницијатива Erasmus Mundus – CyberMACS (Master of Science in Applied Cybersecurity)**, во партнерство со **Kadir Has University**, Истанбул, Република Турција, и **SRH University Heidelberg**, Берлин, Сојузна Република Германија. Програмата нуди современи знаења и практични вештини во областа на сајбер-безбедноста, криптографијата и заштитата на податоци.

**УКИМ со нови и осовремени студиски програми!**

Следејќи го трендот на потребите на реалниот сектор и интересот на студентите, УКИМ воведе **нови студиски програми: 5 за прв циклус и 7 за втор циклус студии.**

За потребите на странските студенти кои се запишуваат на студиските програми од прв циклус, УКИМ воведе и две кратки едногодишни студиски програми за изучување македонски и англиски јазик.

Во насока на поттикнување интердисциплинарност, се издвојува новата студиска програма **Дигитално земјоделство** од прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, развиена во соработка со ФИНКИ, ФЕИТ и Машинскиот факултет.

Оваа програма претставува современ образовен модел, кој ги поврзува аграрните науки со дигиталните технологии, енергетиката и машинството, овозможувајќи им на студентите стекнување со знаења и вештини од повеќе научни области.

**УКИМ ја потврдува својата европска и глобална ориентација со меѓународни акредитации на студиски програми!**

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје продолжува да го зацврстува својот квалитет и интернационална препознатливост преку меѓународни акредитации на студиските програми.

**ФЕИТ** е првата високообразовна институција во државата која има меѓународна акредитација на сите седум студиски програми на прв циклус студии, спроведена од реномираната германска агенција за акредитација на студиски програми од областа на техничките науки, информатиката, природните науки и математиката (**ASIIN)**, која е овластена од **ENAEE** (Европска мрежа за акредитација на инженерско образование) за издавање на европскиот сертификат **EUR-ACE** за квалитет во инженерското образование.

**Економскиот факултет** го започна процесот за добивање на престижната **AACSB-акредитација** (Association to Advance Collegiate Schools of Business), која обезбедува висококвалитетни студиски програми и истражување, поголеми можности за кариера на глобално ниво, препознатливост и доверба кај работодавците во вредноста на дипломата. Со оваа акредитација, Економскиот факултет ќе влезе меѓу првите 1000 најдобри бизнис-школи во светот.







## УКИМ во чекор со светските стандарди!

**Факултетот за ветеринарна медицина** успешно ги акредитира своите лаборатории според стандардот **ISO 17025,** со што се обезбедува усогласеност со европските стандарди за ветеринарно јавно здравство и безбедност на храната.

Оваа акредитација претставува важен чекор кон унапредување на квалитетот, довербата и интернационалната конкурентност на лабораториските услуги на УКИМ**.**




## Прв ECVM акредитиран тренинг-центар на Западен Балкан

Факултетот за ветеринарна медицина при УКИМ доби акредитација како официјален тренинг-центар на **Европскиот колеџ за ветеринарна микробиологија (ECVM) – прв и единствен од ваков тип во регионот на Западен Балкан.** Оваа акредитација следува по стекнување на статусот европски специјалист по ветеринарна микробиологија (**ECVM Дипломат),** што претставува врвно признание за стручност и академска извонредност.

Овој центар ќе овозможи: специјализирана обука во ветеринарна микробиологија призната во Европа, пристап за аспиранти од Македонија, регионот и пошироко, унапредување на регионалната соработка помеѓу академските институции, како и развој на научноистражувачки проекти релевантни за регионот.

Овој успех е јасен показател дека **УКИМ ги исполнува и ги надминува европските академски и професионални стандарди**. Воспоставувањето на ваков регионален тренинг-центар е стратешка предност за Универзитетот, државата и целиот регион – создавајќи платформа за квалитетно високо образование, научен напредок и меѓународно вмрежување.

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје инвестира во иднината на студентите!**

**Центарот за кариера на УКИМ** создава мост меѓу студентите и реалниот сектор преку низа значајни активности насочени кон унапредување на кариерниот развој и зголемување на вработливоста на студентите:

✓ **1.400+ студенти** вклучени во обуки, работилници и советувања за развој на професионални вештини






✓ **2.000+ учесници** на Саем за пракса и вработување и Ден за кариерен развој

✓ **Над 50 компании** партнери за пракса и вработување

✓ **GCDF-сертификација** на 5 универзитетски професори – кариерни советници, обука обезбедена од УКИМ и USAID

✓ **Еразмус+проект EU2SE**-European Upskilling of Students for Sustainable Entrepreneurship, во кој учествуваа 40 студенти и професори од партнерските универзитети на Алијансата AcrossEU и од домаќинот УКИМ за развој на вештини за одржливо претприемаштво на студентите
















✓ **Проект „Зелена хроматографија“ со Алкалоид АД** – практично искуство за студентите

✓ **Над 1000 матуранти на „Отворен ден на УКИМ“**

✓ **Советувања, TED Talk + Pitch Party, тематски работилници** за развој на професионални вештини

✓ **Летен камп** за кариерен развој, со 50 студенти и кариерни советници.






**Преку научни проекти до извонредност во наставата!**

**УКИМ е дел од Еразмус+ проектот БИОМАТ**, кој има за цел унапредување на наставните компетенции за дизајн на биоматеријали од дрвен отпад од индустријата за пулпа и хартија – одржливо, иновативно и глобално применливо решение.

Проектот е заедничка иницијатива на Технолошко-металуршкиот факултет, KTH Royal Institute of Technology, Шведска и Maria Curie-Skłodowska University, Полска. Во рамките на проектот е објавена е-книга, „From biomass to functional materials: advances in lignin isolation, characterisation and applications", а членовите на БИОМАТ-проектот беа наградени со сребрен медал во Green Economy на InnoWings 2025, Меѓународен саем за иновации и технологии во Лублин.

Проектот не само што ги поврзува науката и наставата, туку и поставува темели за одржлива иднина преку зелени технологии и глобално релевантна експертиза.




**УКИМ е дел од Еразмус+ проектот „SaveLife",** кој ги **трансформира методите за обука по основна и напредна животна поддршка преку развој на дигитални ресурси и иновативни образовни алатки.** Нашите тимови од Медицинскиот и Машинскиот факултет работеа на создавање интерактивни видеа, електронски книги и дигитални алатки за симулации кои ќе го унапредат знаењето и вештините на медицинскиот кадар, студентите, парамедиците и лекарите за ефикасно справување со кардиоваскуларни итни случаи.




SaveLife







Проектот обедини 8 партнерски институции од 6 земји, со заедничка мисија: бесплатен и отворен пристап до обука, спасување животи и подобрување на здравствените системи.

Наставниот кадар на **Медицинскиот факултет** само во изминатата година учествувал во **повеќе од 50 меѓународни научноистражувачки проекти**, што дополнително ја потврдува експертизата и подготвеноста за вклучување во интердисциплинарни иницијативи како„SaveLife“.

## Студентите на УКИМ истражуваат, иновираат и победуваат!

Студентите од Факултетот за електротехника и информациски технологии (**ФЕИТ**) во мај оваа година го освоија **првото место** на меѓународниот натпревар **ICAMES 2025** (International Cultural and Academic Meeting of Engineering Students), со иновативниот проект: „AI-Driven Smart Rehabilitation for Lateral Ligament Knee Injuries“, кој се издвои со својата практична примена, интеграцијата на технологијата со здравствени решенија и иновативниот пристап за рехабилитација по повреди на латералните лигаменти на коленото, користејќи сензори и вештачка интелигенција за персонализиран пристап во домашни услови. Системот овозможува следење во реално време и далечинска поддршка од медицински професионалци преку мобилна апликација и веб-платформа.

Тимот **студенти од Машинскиот факултет** оваа година се рангираше во **топ 5** на првата листа од квалификациските тестови на знаење за најпрестижната **трка на Формула студент,** во **конкуренција од 52 универзитети со класични болиди и 162 универзитети со електрични формули.**

**Студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“,** со целосна **финансиска поддршка од УКИМ,** учествуваа на престижниот **меѓународен натпревар по меѓународни трговски спорови „Philip C. Jessup“** и се рангираа меѓу **најдобрите 10 % студенти во конкуренција од над 700 универзитети од целиот свет** – резултат што зборува за високото ниво на правна едукација и практична подготвеност.

Овие успеси се јасна потврда дека УКИМ создава висококвалитетни и амбициозни кадри, подготвени за глобални предизвици, иновации и технолошки пробиви.

**Голем успех за македонската архитектура и за УКИМ!**

Македонскиот **павилјон на Венециското биенале** на архитектурата 2025 е вброен меѓу **10-те највпечатливи павилјони од вкупно 66 земји учеснички**, според реномираниот портал **Artribune**! Проектот **Strada Brutalissima** отвора важен дијалог за архитектонското наследство, солидарноста и визијата за хумано општество. „Овој павилјон не е само приказна за бетон и форми – тој е патување низ времето, меморијата и колективната надеж.“






Горди сме на нашите колеги, студенти и сите вклучени во реализацијата на овој значаен проект, кој достојно ја претставува Македонија на светската културна мапа!

**Со гордост ја пишуваме дигиталната историја на УКИМ!**

Универзитетот продолжува да чекори кон современите технолошки трендови. Од академската 2025/2026 година, **сите студентски сервиси се целосно дигитализирани**, со што се овозможува побрза, поефикасна и потранспарентна комуникација меѓу студентите, наставниот кадар и административните служби.

Најзначајната новина е воведувањето на **е-индексот**, со кој се заменува традиционалниот хартиен индекс. Со оваа промена, студентите имаат постојан пристап до своите оценки и статус, административните постапки се поедноставени и автоматизирани, се намалува употребата на хартија и се придонесува кон одржлив универзитет. Студентите можат потврдите, уверенијата и сл. да ги добиваат по електронски пат, со дигитален сертификат.

УКИМ ја потврдува својата определба за модерно, достапно и ефикасно високо образование, во служба на студентите и иднината.

**ЦеННИС**

Универзитетот, преку својот Центар за напредни интердисциплинарни истражувања (ЦеНИИс), создаде и пушти во употреба **нова дигитална платформа базирана на вештачка интелигенција за транскрипција на говор на македонски јазик – „Буки“,** која овозможува унапредено користење на официјалниот јазик при креирање на текстови во дигитална форма.














## УКИМ ја поддржува научноистражувачката дејност!

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје активно ја поддржува науката како клучен фактор за академска афирмација и општествен развој. Преку Фондот за наука и истражување, во академската 2024/2025 година беа реализирани повеќе значајни активности:

- **8 професори** беа одликувани со **Плакета за исклучителен придонес** во научноистражувачката дејност и афирмацијата на Универзитетот;
- **6 професори** добија **Награда за најдобар научник/уметник** за врвни резултати во изминатата година;

• поддржани се **20 научни труда,** објавени во списанија индексирани во **Web of Science** и **Scopus**;

• финансирани се научноистражувачки **проекти на сите 28 единици** на УКИМ.

УКИМ останува посветен на поддршка на истражувачите кои со својата работа придонесуваат кон унапредување на науката и меѓународната видливост на Универзитетот, притоа мотивирајќи ја и пошироката истражувачка заедница.




## Публицирањето како двигател на научниот напредок на УКИМ

Публикувањето на научни резултати од авторите на УКИМ претставува еден од клучните двигатели на научниот развој и е основа за зголемување на интернационалната видливост и академскиот углед на Универзитетот.

Најновите податоци за 2024 година го потврдуваат позитивниот тренд на научно публицирање. Забележан е благ пораст на бројот на објавени трудови од автори на УКИМ во списанија индексирани во **Web of Science**, каде што во **2024** година се регистрирани **312 научни труда**, во споредба со 288 труда во 2023 година.

Затоа, подршката и поттикнувањето на публицирањето научни резултати останува **клучна компонента од мисијата на УКИМ** – создавање, унапредување и споделување на научните резултати во глобалниот академски простор.

**National Geographic España,** на насловната страница, објави статија за значајна научна публикација со наслов: **Apis florea in Europe: First report of the dwarf honey bee in Malta**, објавена во реномираното списание **Journal of Apicultural Research**. Прв автор на трудот е професор од Факултетот за земјоделски науки и храна, кој заедно со својот меѓународен истражувачки тим, за прв пат во Европа документираше присуство на пчелно семејство од азиската џуџеста медоносна пчела (*Apis florea*).

Ова значајно откритие претставува потврда за научната извонредност, професионалната посветеност и истражувачката компетентност на наставно-научниот кадар на Универзитетот. Со овој успех уште еднаш се истакнува важноста на активното учество во меѓународни научни проекти и публикувањето резултати со глобално значење.




## УКИМ – прв со системска поддршка за постдокторанди




Универзитетот, преку Центарот за напредни и постдокторски истражувања при УКИМ (**CAPRIS UKIM),** формиран во 2024 година**,** воспостави системска поддршка за постдокторски истражувачи од регионот и Европа — **прв од ваков вид во земјата**. Преку два јавни повика, доделени се стипендии за престој на истражувачи од Италија, Холандија, Хрватска, Србија и од други земји.



Воедно, CAPRIS е активен организатор и коорганизатор на меѓународни научни настани кои промовираат интердисциплинарна соработка и иновативни истражувачки пристапи, меѓу кои: „Моисе“ во Хрватска, во партнерство со CAS SEE при Универзитетот во Риека, меѓународниот научен семинар „Архитектурата и виното“, во соработка со Земјоделскиот институт при УКИМ и Универзитетот во Белград, и беше коорганизатор на меѓународната научна конференција **City Street 6**.

Со својата мисија, **CAPRIS обезбедува услови и поддршка за млади истражувачи** во создавањето иновативни научни решенија за отворените прашања во општеството и е клучен фактор во поддршката и **враќањето на младите истражувачи во земјата** и за одржливиот развој на општеството.

## Центар за отворена наука на УКИМ – модел за институционална трансформација

Универзитетот основа Центар за отворена наука како прва институционална структура од ваков тип во Северна Македонија. Центарот е пионерска иницијатива што промовира транспарентност, соработка и иновации во научните и уметничките истражувања на Универзитетот.

Центарот нуди услуги во шест области: тренинг, едукација, ресурси за учење, лабораторија за отворена наука, политики и поддршка. Лабораторијата располага со најголемата отворена истражувачка е-инфраструктура во државата, составена од:

- систем на отворен облак со 640 процесорски јадра и 15+ TB RAM;
- систем за напредни пресметки со 8 GPU и 640 GB видеомеморија;
- централизирано складиште со над 2 PB-капацитет.

Како национален фокален центар, Центарот придонесува за имплементација на европските политики за отворена наука и усогласување со регионалните и европските стандарди за одговорно истражување.

**Меѓународни проекти на УКИМ – двигатели на истражување, иновации и знаење!**

Универзитетот активно учествува во бројни меѓународни проекти финансирани од европски програми и други донатори, со што директно придонесува кон развој на истражувачките капацитети, иновациите и интернационализацијата.

Преку **проектната канцеларија**, **формирана во 2024 година**, УКИМ обезбедува стручна поддршка за **аплицирање и учество во европските програми** како *Horizon Europe, Erasmus+, Digital Europe, IPA* и други. Преку канцеларијата се одобрени пет нови проекти, а од септември 2025 година започна со издавање на месечен **Проектен билтен**.

Истакнати добри практики во 2025 година:

- **ИНОФЕИТ ЕДИХ** стана **првиот официјално признат европски дигитален иновациски хаб во земјата** за поддршка на микро, мали и средни претпријатија и јавни институции во дигиталната трансформација;

- **УКИМ** продолжува како **координатор** на Европската мрежа на претприемаштво во Северна Македонија **(Enterprise Europe Network North Macedonia 2025 – 2028**), мрежа што поддржува иновации и интернационализација на претпријатија;

- преку **Wide AcrossEU**, **52 истражувачи од УКИМ добија обуки** за Horizon Europe програми, со студиски престои во Шведска и Финска;

- проектот **TECHSIGHT**, финансиран од EIT Higher Education Initiative, го позиционира **УКИМ во европските иницијативи за развој на deep tech технологии;**

- **ФИНКИ**, преку проекти како **EuroCC4SEE, Skills4EOSC, MKSafeNet и CyberMACS,** реализира активности за дигитална писменост, вештачка интелигенција, отворени податоци и сајбер-безбедност, вклучувајќи обуки за истражувачи, наставници и илјадници ученици.






**УКИМ со AI Factory Antenna – нов центар за вештачка интелигенција**

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство е добитник на **проектот Везилка- AI Factory Antenna**, финансиран од HORIZON Europe и кофинансиран од државата.

Проектот има за цел воспоставување на напреден центар за вештачка интелигенција, кој ќе овозможи:

- поддршка на стартапи и технолошки иновации базирани на AI;
- примена на вештачка интелигенција во индустријата и јавниот сектор;
- обуки, истражувања и развој на проекти со висока практична вредност.

Проектот Везилка претставува стратешка иницијатива за развој на AI-екосистем во земјата и зајакнување на поврзаноста меѓу академијата, индустријата и јавните институции, а  со овој проект, **УКИМ дополнително го зацврстува своето место како водечки универзитет во регионот во доменот на дигиталната трансформација, технолошкиот напредок и примената на вештачката интелигенција.**

**Меѓународни проекти од програмите на ЕУ**

Во согласност со стратешките приоритети и заложбите за интернационализација и научен развој, академската заедница на УКИМ бележи значително зголемување на активностите за аплицирање на проекти од програмите на Европската Унија.

Во **2023 година** беа поднесени **62 проектни апликации**, додека во **2024 година,** бројот се зголеми на **142**, што претставува **раст од 129 %**.

Бројот на **одобрени проекти** се зголеми од **23 во 2023** на **45 за периодот 2024/2025 година**, што претставува **раст од 195 %,** и покрај сè построгите критериуми за евалуација и силната конкуренција на европско ниво.

## COST Action проекти

Во текот на **2024 година**, УКИМ се приклучи на **33 нови COST Action проекти**, преку вклучување на свои претставници во нивните менаџмент-комитети. Со тоа, на крајот од 2024 година, УКИМ учествува во вкупно **168 COST Action проекти**, што претставува силен индикатор за активната улога на Универзитетот во европските истражувачки мрежи и тематски заедници.

**Успешната реализација на овие проекти потврдува дека УКИМ е значаен партнер во европскиот истражувачки и образовен простор и двигател на позитивни промени во општеството**.



**УКИМ запишува историја: европски патент за револуционерна иновација**

Европскиот патент **EP4316535B1** за **композиција за заздравување рани, базирана на слуз од полжави**, претставува одличен пример за интердисциплинарна соработка на ниво на УКИМ. Проектот, кој обединува професори од **Фармацевтскиот и Машинскиот факултет**, како и гостувачки професор од **FH Joanneum University of Applied Sciences**, се развиваше повеќе од 7 години.

Покрај европскиот патент, тимот има добиено и **домашен патент (бр. 912496)** за технологија за производство на пудра од слуз од полжави.

Важно е да се истакне дека овој патент е **еден од само 7-те одобрени од Европ ската патентна организација (EPO)** за Македонија во последната деценија, **подготвен од универзитетски тим на УКИМ.**

**Декларација за одговорна употреба на ВИ на УКИМ**

Во декември 2024 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ја донесе Декларацијата за употреба на алатки за генеративна вештачка интелигенција (ВИ), поставувајќи основа за етичка и одговорна интеграција на ВИ во академската средина.

Декларацијата се темели на три основни принципи:

- ✓ одговорност, транспарентност и етичност
- ✓ заштита на податоците и информациска безбедност
- ✓ критичко размислување и проверка на точноста.

Овие принципи се усогласени со Европската стратегија за ВИ во науката (2025), која предвидува:

- виртуелен европски институт RAISE;
- развој на етички и безбедни ВИ-системи.

Со оваа иницијатива, УКИМ покажува дека е подготвен да го води патот кон одговорна, етичка и иновативна примена на ВИ во високото образование и научните истражувања.

**Патот кон одржлив развој**

**Универзитетот и Обединетите нации потпишаа Заедничка декларација за намера,** со цел да се прошири соработката во поддршка на остварувањето на Целите за одржлив развој 2030 и да се придонесе кон визијата на Националната стратегија за развој. Соработката ќе се реализира преку различни форми, вклучувајќи промоција на националната експертиза и истражувања, идентификација на најдобри практики и акцелератори, следење и анализа на податоци, кампањи за подигање на јавната свест, стручна дебата за одржливоста, академска соработка и ангажман на студентите преку практикантска работа, волонтирање и менторство.




**УКИМ гради силна алумни-мрежа!**

Универзитетот оваа година активно работи на **воспоставување на обединета алумни-мрежа,** која ги поврзува сите генерации дипломирани студенти, создавајќи мост меѓу минатото, сегашноста и иднината на високото образование во Македонија. Сите 28 единици на Универзитетот имаат свои алумни-бази, а повеќето, како што се Економскиот факултет, Правниот факултет „Јустинијан Први“, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, Факултетот за ветеринарна медицина, Машинскиот факултет и ФЕИТ, веќе нудат и активни алумни-страници со можност за регистрација и вмрежување.

Алумни-мрежата на УКИМ има за цел да поттикне континуирана соработка помеѓу алумни-заедницата и сегашните студенти. Да промовира менторство, размена на знаења и професионално вмрежување, како и да овозможи поврзување со индустријата, образовни и истражувачки институции на национално и на меѓународно ниво.

**Растечка мобилност и меѓународна соработка на УКИМ**

Универзитетот продолжува да го зајакнува својот меѓународен профил преку проширување на билатералната и европската соработка. Во текот на академската 2024/2025 година, склучени се **23 нови билатерални меморандуми и договори за соработка** со универзитети, меѓународни организации и компании кои овозможуваат: заедничка настава и истражувања, академска размена и професионални поврзувања. Ова претставува пораст во однос на академската 2023/2024 година, кога беа склучени 18 вакви договори.

Преку платформата на Европската комисија – EWP Dashboard, **УКИМ во 2025 година потпиша 202 интеринституционални Еразмус+ договори,** со кои се регулира мобилноста на студенти и наставно-научен кадар со европски партнерски универзитети. Тоа е значително зголемување во однос на 174 договори во претходната академска година.

Во рамките на овие договори, бројот на студентски мобилности, исто така, расте: во летниот семестар 2024/2025 се реализираа 50 мобилности: 30 (прв циклус), 14 (втор циклус), 6 (трет циклус). За академската 2025/2026, 6 студенти добија мобилност за зимскиот семестар, а **за првпат се воведени комбинирани мобилности** (онлајн + физичко присуство) за 26 студенти.

## УКИМ во универзитетска алијанса AcrossEU

**УКИМ е активен член на AcrossEU** – европска универзитетска алијанса што обединува 8 универзитети: Универзитетот во Каен, Нормандија, Франција, Универзитетот во Ваљадолид, Шпанија, Универзитетот во Пардубице, Чешка, Универзитетот во Фрибург, Швајцарија, Конзорциумот на Универзитетот во Лапонија и Лапонскиот универзитет на применети науки, Финска и УКИМ, Македонија. Алијансата **AcrossEU е одликувана со SEAL of EXCELENSE од страна на Европската комисија и од октомври 2025 година е дел од Европските алијанси на универзитети**. Преку оваа соработка, УКИМ активно учествува во меѓународни проекти со фокус на развој на интернационални капацитети, интеркултурна комуникација, иновации и претприемаштво, меѓу кои:

- IKAS *(Intercultural Skills for Administrative Staff in HEIs)* – за јакнење на интеркултурните компетенции на административниот кадар;
- EU2SE *(European Upskilling of Students for Sustainable Entrepreneurship)* – насочен кон развој на одржливи претприемачки вештини кај студентите;
- WIDE AcrossEU – Empowering Research and Innovation Across Borders (Horizon Europe – WIDERA) — зајакнување на истражувачките и иновациските капацитети на УКИМ и поддршка за успешно учество во европските програми и фондови.

Алијансата континуирано развива заеднички иницијативи и аплицира на повици од програмите Еразмус+ и Horizon Europe, придонесувајќи за подлабока академска и истражувачка интеграција на своите членки на европско ниво.



**Зголемени инвестиции за подобри услови за студирање и истражување на УКИМ**

Универзитетот континуирано вложува во унапредување на квалитетот на високото образование преку капитални инвестиции во инфраструктурата. **Во 2025 година,** капиталните вложувања во реконструкции и опрема на единиците се **зголемени за 60 %** во споредба со 2024 година, што директно придонесува за значително подобрување на условите за реализација на наставата и развој на научноистражувачката дејност.

Овие инвестиции се дел од стратешката определба на Универзитетот да обезбеди современа и поттикнувачка академска средина за студентите, наставниците и истражувачите.

**УКИМ останува цврсто посветен на градење подобра иднина преку континуирано вложување во знаење, истражување и иновации!**







**Издавач:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Седиште: бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim.edu.mk

**Назив и седиште на печатницата:**
ВИНСЕНТ ГРАФИКА ДОО
Седиште: ул. „Благоја Стефковски“ бр.16, 1000 Скопје
gjoke@vinsentgrafika.mk

**Наслов на публикацијата:**
УКИМ создава иднина: со квалитет до извонредност

**Група автори**

**Носител на авторското право:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

**Уредник:**
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

**Место на издавање:**
Скопје, Република Северна Македонија

**Дизајн:**
доц. м-р Игор Сековски
проф. м-р Ладислав Цветковски

**Лектор:**
Весна Илиевска-Цветановска

**Година на издавање и печатење:**
октомври 2025 година

**Тираж на публикацијата:**
300 примероци

**Меѓународни стандардни броеви за публикацијата (ISBN: 978-9989-43-531-7)**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

378.4(497.7)УКИМ(055)

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј” (Скопје)
УКИМ создава иднина : со квалитет до извонредност / група автори. - Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, 2025. - [50] стр. : илустр. ; 20х20 см

ISBN 978-9989-43-531-7

1. Ангелова, Биљана [автор на придружен текст] [уредник]
а) Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (Скопје) -- Македонија -- Информативни билтени

COBISS.MK-ID 67198981